# medicus

ИНФОРМАТИВЕН ГЛАСНИК НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО - ШТИП, ГОДИНА 9, БРОЈ 19, 2014



## СПЕЦИЈАЛЕН ПРИЛОГ: СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА

## НОВИНИ ВО ХИРУРГИЈАТА ВО КЛИНИЧКА БОЛНИЦА - ШТИП

*Содржина*

НА ОРТОПЕДИЈА НАПРАВЕНА ПРВАТА ОПЕРАЦИЈА-ВГРАДУВАЊЕ ПРОТЕЗА НА КОЛЕНО

НОВИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ВО ЛАПАРОСКОПСКАТА ХИРУРГИЈА ВО ШТИП

ЕДУКАЦИЈА НА КЛИНИКАТА ВО ХАЈДЕЛБЕРГ

РЕЈХАН РАМУСОВИЌ
НАСТАВНИЧКА, ВОСПИТУВАЧКА И ХУМАНИСТКА

АУТИЗМОТ ВО СВЕТОТ И КАЈ НАС

ПРОМОВИРАН МОНОГРАФСКИ ТРУД ВО ЧЕСТ НА ДВА ЗНАЧАЈНИ ЈУБИЛЕИ

КИНЕЗИТЕРАПИЈА ПРИ БОЛЕН СИНДРОМ НА ВРАТОТ

МАЛИГНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО НА ОПШТИНА ШТИП И ПРОЦЕНТОТ НА ПОЧИНАТИ ОД НИВ

СПЕЦИЈАЛЕН ПРИЛОГ

- СЕМЕЈНАТА МЕДИЦИНА -
УСПЕШНА ПРАКТИКА ВО ПРУЖАЊЕТО НА ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

БРАЧЕН ИНФЕРТИЛИТЕТ - СТЕРИЛИТЕТ

ПСИХОАНАЛИТИЧКИ ПРИОД ПРИ ТРАНСГЕНЕРАЦИСКО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

СЕМЕЈНА ДИСФУНКЦИОНАЛНОСТ И ДЕПРЕСИЈА ВО ПЕРИОД НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА

УЛОГАТА НА ПСИХОЕДУКАТИВНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ПОДДРШКАТА И УСПЕШНОСТА НА ИН ВИТРО ФЕРТИЛИЗАЦИЈАТА

СПИНАЛНАТА АНЕСТЕЗИЈА КАЈ ХИРУШКИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ОРТОПЕДИЈАТА И ТРАУМАТОЛОГИЈАТА

РИЗИЦИ ВО ТЕК НА ОРТОДОНТСКИОТ ТРЕТМАН - II ДЕЛ

БИОМЕХАНИЧКИТЕ СИЛИ ВРЗ ИМПЛАНТОТ ПРИЧИНА ЗА УСПЕХ ИЛИ НЕУСПЕХ ВО ОСТЕИНТЕГРАЦИЈАТА -II ДЕЛ

БОЈАТА НА ЗАБИТЕ КАКО ФАКТОР НА ЕСТЕТИКА - II ДЕЛ

# АУТИЗМОТ ВО СВЕТОТ И КАЈ НАС

Аутизмот и аутистичниот спектар на нарушувања претставуваат релативно нова содржина во епидемиологијата на незаразните заболувања. За аутистичните пречки во контактите свои сознанија реферира Kanner L. во 1943 година, но неофицијално, епидемиолошките студии започнуваат со Lotter V. кон средината на шеесетите години во Англија. До денес, аутизмот во светот е сеуште на ниво на утврдување на стапките на инциденца и преваленца, со исклучок на мал број – воглавно високоразвиени земји, каде се спроведени епидемиолошки студии за етиологијата, категорискиот дијагностички пристап и дескрипција на заболените според одредени демографски и клинички варијабли од интерес. Овие студии се варијабилни во однос на применетата методологија на работа, големината на примерокот, дијагностичките критериуми, како и терминологијата за модалитетите на аутизмот и аутистичниот спектар на нарушувања, при што компарирањето на резултатите е дискутабилно.

Според актуелната десетта ревизија на Меѓународната класификација на болести, повреди и причини за смрт, аутизмот е дефиниран во категоријата на первазивни развојни пореметувања со шифра F84, во чиј склоп влегуваат: аутизам во детството - F84.0, атипичен аутизам - F84.1, Rettov sindrom - F84.2, други дезинтегративни пореметувања во детството F84.3, пореметување со хиперактивност поврзана со душевна заостанатост и стереотипно движење F84.4 и Asperger-ов синдром - F84.5.

Истражувачките активности за аутизмот и аутистичниот спектар на нарушувања стануваат се поинтензивни и постои тенденција за нивно централизирано раководење од страна на СЗО. Посебно се инсистира на вклучување на земјите во развој и земјите од третиот свет (Азија, Африка),



при што од разни популации се очекуваат резултати за екстремни варијации на фрекфенциите на болеста, што ќе стимулира понатамошни истражувања на енвиронменталните и генетските фактори.

Истражувајќи ја развојната тенденција на аутизмот, Mark F. Blaxill потенцира дека во Америка стапката на преваленца на аутизам е покачена од 3/10 000 во 1970 година, до повеќе од 30/10 000 деца во 1990 година (пораст за 10 пати). Во Англија авторот регистрира покачување на преваленцата на аутизмот од 10/10 000 во 1980 година, до 30/10000 деца во 1990 година. Во испитуваниот период, преваленцата на аутизмот и аутистичниот спектар на нарушувања заедно пораснала од 5-10/10 000 до 50-80/10 000 деца во двете земји. Во 2003 година Eric Fombonne објавува дека во периодот од 1966 до 2001 година во Англија се спроведени 32 истражувања за аутизмот и аутистичниот спектар на нарушувања, при што се нотира преваленца на сите первазивни развојни пореметувања заедно од 30 до 60/10 000 деца. За Asperger-овиот синдром нема точни податоци, но се проценува дека се јавува кај 2,5/10 000 деца.

Голем број на епидемиолошки студии потврдуваат дека аутизмот и аутистичниот спектар на нарушувања значајно повеќе се регистрираат кај машките деца – односот е 3:1 или 4:1 во однос на женските деца.

Последнава деценија, дијагностичките критериуми укажуваат на тоа дека аутизмот се појавува пред третата година, но сепак, просечната возраст на препознавање и дијагностицирање на болеста е близу навршени четири години.

Во Јапонија е следена кохорта на деца родени во периодот 1988-1996 година, при што е регистрирана инциденца на појавата на аутизам од 19,6/10000 деца кај родените во 1988 година и инциденца од 81,4/10000 деца кај родените во 1996 година. Периодичната преваленца во испитуваниот период изнесувала 50,3/10000 деца.

Во Скандинавските земји, за период од 20 години, преваленцата на аутизмот се зголемила од 4-5/10 000 до 10-20/10 000 деца.

Евидентно е дека бројот на регистрирани случаи со аутизам во светот расте после 1990, односно 2000 година. Прашање е дали заболувањето навистина е во толку голем пораст, или пак вака зголемените преваленци се должат на промените во дијагностичката пракса, достапноста на специјализирани установи за дијагностика, прифаќање и работа со аутистични лица, како и сензибилизираноста на јавноста и надлежните државни авторитети за аутизмот и аутистичниот спектар на нарушувања како јавно-здравствен проблем.

**Во Република Македонија првата епидемиолошка студија за аутизмот започнала во 2000 година. Од истражувањето било заклучено дека преваленцата на раниот детски аутизам кај нас изнесува 0,25/10000 деца, што е значајно помалку во однос на развиените европски земји и Америка. Денес оваа бројка е веројатно далеку под реалната, но за жал, во релевантните здравствени институции во Македонија не постои официјален податок за тоа колкав е бројот на деца и возрасни лица со аутизам. Несомнено, тоа се должи на немање на национален регистар како и систем на организирана заштита,**

едукација, рехабилитација и социјализација на оваа вулнерабилна, а маргинализирана популација. Неопходно е, од една страна да се анимираат јавноста, здравствените и државните авторитети, а од друга страна да се спроведат дескриптивни и аналитички епидемиолошки студии, како и студии за евалуација на тераписките и превентивните програми за децата и лицата со аутизам.

*Проф д-р Милка Здравковска*

1. Kanner, L. (1943). Autistic disturbauces of affective contact. Nervous Child, 2, 217-250.
2. Lotter, V. (1966). Epidemiology of autistic conditions in young children: I. Prevalence. Social Psychiatry, 1, 124-137.
3. Lotter, V. (1967a). Epidemiology of autistic conditions in young children: II. Some characteristics of the parents and children. Social Psychiatry, 1, 163-173, и др.

# ПРОМОВИРАН МОНОГРАФСКИ ТРУД ВО ЧЕСТ НА ДВА ЗНАЧАЈНИ ЈУБИЛЕИ

## 60 ГОДИНИ ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА ВО ШТИП, 60 ГОДИНИ ОРГАНИЗИРАНО И ДОБРОВОЛНО КРВОДАРИТЕЛСТВО

Благодарение на високата свест за историски вредности и професионалната компетентност на проф. д-р Никола Камчев, како прв специјалист трансфузиолог и прв доктор на медицински науки во Источниот регион на Р. Македонија, кој неколку децении ја водеше и унапредуваше трансфузиолошката служба и доброволното крводарителство, по повод 60 години трансфузиона медицина во Штип, беше собран огромен фактографски материјал и објавена монографијата *"60 години трансфузиона медицина во Штип", 60 години организирано и доброволно крводарителство"* чии автори се проф. д-р. Никола Камчев и асс. м-р. д-р. Гордана Камчева.



*проф. д-р. Никола Камчев*
*асс. м-р. д-р. Гордана Камчева*

Монографијата содржи 131 страница, голем број на фотографии, шеми и табели презентирани во три поглавја и соодветен број на поднаслови вклучувајќи го предговорот нераскинливо поврзани помеѓу себе.

Во првото поглавје оставено е доволно простор за основните поими на трансфузионата медицина, нејзината историја, почетоците и развојот на првите трансфузиолошки служби во Република Македонија.

Во второто поглавје се прикажани најголемите дострели во развојот на крводарителството, особено успешните достигнувања.

Во третото поглавје е даден преглед на природно-географските карактеристики и демографската положба на општината Штип.

Авторите на оваа Монографија, осврнувајќи се на самите почетоци и прикажувајќи го ретроспективно патот по кој се создавала и унапредувала трансфузиолошката служба во Штип дале голем придонес за историјата на медицината. Воедно со овој монографски труд им се одава признание за хуманост на сите крводарители и сите здравствени работници кои во изминатите шест децении ја создавале историјата на оваа служба.

Инаку во самиот текст се чувствува една голема невоедначеност на презентираните податоци.

Во првиот дел, до доаѓањето на д-р Никола Камчев на чело на службата, се чувствува неколку децениска празнина од недостиг на релевантни податоци за извршени медицински услуги, и бројност на крводарители, додека пак , во вториот дел, изобилуваат точни и прецизни податоци за движењето на крводарителските акции и постигнатите резултати

Со монографијата посветена на шест деценискиот развој на трансфузиолошката служба и доброволното крводарителство, каде авторите го нотирале секој настан и секоја личност со својот придонес, ќе остане запишано дека Штип во овој период, е рангиран меѓу трите најуспешни градови во Македонија постигнувајќи европски рекорд по процентот на доброволни крводарители во однос на вкупното население.

Заради исклучителното богатство од факти инкорпорирани во оваа Монографијата ќе остане како вредно четиво за помладите генерации лекари кои професионално ќе се занимаваат со оваа медицинска гранка, за студентите по медицина и останатите почитувачи на историјата на македонската медицина.

*проф.д-р Кирил Цацков*
*м-р сц. Елена Јосимовска*
*(рецензенти на Монографијата)*